КОАЛИЦИЈА KOALICIONI KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

### Коалиција „Сите за правично судење“


Ул. Македонија 11/2-10

Скопје, 1000

00 389 2 6139874

contact@all4fairtrials.org.mk


Декември, 2021

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20“

На 09.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок предложен од страна на одбраната.

На 15.12.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено.

На 21.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок предложен од одбраната.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 06.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа, постапката започна одново поради промена на судечкиот совет.

## „ПЛАЦЕВИ НА ВОДНО“ КОК-63/21

На 02.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 4 сведоци предложени од страна на јавното обвинителство.

На 07.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 5 сведоци предложени од страна на јавното обвинителство.

На 10.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани вкупно 3 сведоци предложени од застапникот на обвинението.

На 22.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци на јавното обвинителство, а воедно беа изведени и материјални докази на предлог на одбраната.

На 23.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано вешто лице.

## „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 15.12.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите во постапката.

## „Член на Судски совет З.Т.“ КОК-27/21

На 15.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на обвинетите и нивните бранители.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 21.12.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите во предметот.

## „СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ“ КОК-3/20

На 21.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа, еден од обвинетите призна вина, додека за останатите обвинети, постапката беше раздвоена.

## „ЕРАЗМУС“ КОК-65/21

На 07.12.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

## „ТАЛИР 2“ К-1413/19

На 23.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 4 сведоци предложени од одбраната.

На 29.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа, а по предлог на одбраната беа испитани 2 сведоци.

## „МАРИГЛЕН“ К-1271/16

На 28.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок и се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство.

## „ЈАВНА СОБА“ К-1851/21

На 03.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше вешто лице, по предлог на јавното обвинителство.

На 10.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа, Судот донесе решение за исклучување на јавноста.

## „ДРУМАРИНА“ К-2799/20

На 10.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство.

На 16.12.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

## „КАМПАЊА“ К-416/21

На 13.12.2021 година, постапката започна одново поради протек од 60 дена. Дополнително, на рочиштето беа изведени материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

## „МОЌНИК“ К-2616/20

На 14.12.2021 година, на одржаното рочиште, беше испитан еден сведок.